РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

КОМISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-678/1

10-02-2025 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 14-та седница одржана на 28.01.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1448/1 од 18.04.2024 година, оформен по доставена пријава од познат подносител во врска со спроведена постапка за јавна набавка на услуги – Транспорт на доверлив и недоверлив материјал на избори во 2024 година спроведен од ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1448/1 од 18.04.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, --------- Скопје, на ден 18.04.2024 година, е поднесена пријава во која се изразува сомневање за незаконитости во спроведување на јавна набавка на услуги – Транспорт на доверлив и недоверлив материјал на избори во 2024 година од страна на ------- под број на оглас ----/2024 објавен на ------ година и оформен е предмет број 12-1448/1 од 18.04.2024 година.

Имено, во пријавата е наведено дека од страна на --------- била донесена Одлука за поништување на огласот со број -----/2024 со образложение дека на јавниот повик учествувале 2 (два) економски оператори, од кои едниот економски оператор -

Акционерско друштво ------ доставил понуда со релативно висока цена заради што понудата му била отфрлена, додека понудата на подносителот на пријавата - -------- Скопје доставена преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), Комисијата формирана за спроведување на конкретната набавка ја оценила како непотполна.

Подносителот наведува дека добил повратно известување од ЕСЈН, односно потврда за доставена документација, а исто така комплетната документација ја доставил и во хартиена форма до договорниот орган. Наведува дека неговата понуда несоодветно била оценета за некомплетна, се со цел истата да биде отфрлена.

Во пријавата подносителот исто така наведува и дека договорниот орган доставил покана за учество при јавното отварање на понудите, кое било извршено на ден 15.04.2024 година, при што, како што е наведено, на самото отварање се појавиле претставници од трета компанија „-------", која претходно немала поднесено понуда.

Наведено е дека оваа компанија подоцна била избрана за економски оператор со најповолна понуда и го добила тендерот.

Исто така е наведено и дека компанијата која била избрана за носител на набавката не го исполнувала потребниот услов за располагање со возила за реализација на испораката, за разлика од компанијата подносител на пријавата, која пак поседувала возила квалитетни возила со вграден систем за следење (ГПС систем) и систем за видеонадзор.

Покрај ова наведено е и дека постоела поврзаност помеѓу компанијата „--------" и „---------" каде пак еднен од сопствениците на компанијата била сопругата на поранешниот претседател на ---------, Ѓ. ----------.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по пријавените наводи, ДКСК побара од Бирото за јавни набавки да овозможи електронски пристап до целокупната документација за спроведената постапка по јавна набавка со број ----/2024, кој беше обезбеден во законски утврдениот рок.

Од увид во обезбедената документација може да се констатира дека:

По објавување на оглас со број ----/2024 на ден ------- година била формирана Комисија за јавната набавка за „Транспорт на доверлив и недоверлив материјал за избори од печатница од -- и ---", каде потребниот критериум за избор бил економски најповолна понуда врз основа на цена.

Согласно Записникот од отворањето на понудите, Комисијата за јавна набавка констатирала дека по објавениот оглас пристигнати биле две понуди и тоа од:
---------- во државна соспственост
-Друштво за услуги ---------- ДООЕЛ Скопје.
Комисијата за јавни набавки во фазата на евалуација на понудите констатирала дека документацијата доставена од понудувачот Друштво за услуги ---------- ДООЕЛ Скопје била некомплетна и невалидна.
Имено, наведено е дека, при проверка на комплетноста на доставената документација за утврдување на фактот дали постојат причини за исклучување од постапката согласно член 88 од Законот за јавните набавки, Комисијата за јавни набавки констатирала дека доставената Изјава по член 88 од Законот за јавни набавки, не била изготвена согласно барањата од тендерската документација, поради што истата била невалидна.
Записникот исто така содржи и информација за тоа дека понудувачот доставил документација во хартиена форма преку архивата на ----, за кој немал дадено образложение од кои причини истата била доставена во хартиена форма, а не преку ЕСЈН, поради што било констатирано дека вака доставената документација не може да се третира како валидна со оглед дека не била доставена на соодветен начин.
Поточно, понудувачот не ја доставил потврдата од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица како доказ дека не му била изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста, како и потврда дека со правосилна пресуда не му била изречена прекршочна санкција – привремена забрана за вршење одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста.
Со оглед дека доставувањето на овие документи претставувал услов за учество во постапката, Комисијата одлучила понудата да ја отфрли како неприфатлива и истата не била предмет на натамошна евалуација.

При евалуација на финансиската понуда во врска со понудената цена, соодветните финансиски и други услови утврдени со тендерската документација на понудувачот ---------- на Северна Македонија во државна соспственост, Комисијата констатирала дека понудената цена од страна на понудувачот била повисока од реалните на пазарот, по што ја оценил истата како неприфатлива и истата не била предмет на натамошна евалуација.

Врз основа на ова, Претседателот на ---------- во својство на одговорно лице на договорниот орган донел Одлука со број ------/3 од 21.03.2024 година со која постапката со број -------/2024 била поништена.

Од горенаведеното, ДКСК констатира дека наводите не се потврдени, од причина што за постапката за јавна набавка со оглас број -----/2024 била донесена Одлука за поништување, односно не бил склучен договор со компанијата „-----“ како што е наведено во пријавата.

Посносителот исто така имал право на Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН) доколку сметал дека постојат услови за истата. Од увид во јавно достапните информации на веб страната на ДКЖЈН, Државната комисија утврди подносителот не го искористил ова право.

Врз основа на наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut Shkup

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата